OHRIDSKA BANKA
SOCIETE GENERALE GROUP

Банка за храна Македонија
Food Bank Macedonia
www.bankazahrana.org

За објава веднаш **Соопштение за јавност**

11 јуни 2012

## Охридска банка и Банка за храна Македонија ја реализираа Неделата на солидарност 2012

**Петта година по ред Охридска банка ја организираше неделата на солидарност - иницијатива на ниво на групацијата Сосиете Женерал со која вработените, клиентите и партнерските организации на банката се обединуваат околу оската на солидарност.**

**Неделата на Солидарност** што се организираше петта година по ред се одвиваше во периодот од 4 до 8 јуни 2012.

Охридска банка и Банка за храна Македонија под мотото "Храна за сите" заеднички ја одбележаа солидарноста и хуманоста на дело. Во рамки на акцијата се доделија повеќе од 250 пакети или над **три тони** храна и средства за лична хигиена. Намирниците се набавија со донирани средства од страна на Охридска банка преку Банка за храна Македонија, со донација од страна на клиенти на Банката, а во акцијата активно учествуваа и вработените во Охридска банка кои донираа над 300 килограми храна и средства за лична хигиена.

Храната се дистрибуираше до учениците на Специјалното училиште за деца со посебни потреби **Св. Климент Охридски од општина – Ново село** на последниот училиштен ден, во **Специјалниот Завод Демир Капија,** во дневните центри на **Порака** во Неготино и во Волково, дневниот центар Чашка Велес, Арт оф Ливинг, како и до социјално загрозени семејства и граѓани во Скопје и околината.

Охридска банка АД Охрид
Societe Generale Group
Светлана Штерјова
Тел: +389 (0)2 3203 732
Факс: +389 (0)2 3203 708
svetlana.sterjova@ob.com.mk

ЗГ "Храна за СИТЕ - БХМ"
Скопје
Банка за храна Македонија
+389 70 34 36 36
www.bankazahrana.org